# ЗАКОН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

(Овој Закон е објавен во Службен весник на РМ бр. 26/98)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува начинот и постапката за вршење на јавни набавки за корисниците и единките-корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на единиците на локалната самоуправа, од буџетите на републичките и општинските вонбуџетски фондови, како и кај агенциите и јавните установи и други органи и организации основани од Републиката (во натамошниот текст: набавувачи).

Со овој закон се уредуваат начинот и постапката за вршењето на јавните набавки кај јавните претпријатија и кај друштвата во сопственост на државата.

### Член 2

Одредбите на овој закон не се однесуваат на јавните набавки за делот кој има одбранбен и безбедносен карактер на земјата и се прогласени за државна тајна.

Одредбите на овој закон не се однесуваат и за јавните набавки за кои се обезбедени средства од меѓународни организации, доколку за нив се пропишани посебни услови за набавка.

### Член 3

При јавните набавки се обезбедува јавност и еднаква положба на понудувачите во постапката на набавките.

### Член 4

Јавна набавка се врши само доколку има претходно обезбедено средства за набавката.

Набавувачите - единки корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, набавките ќе ги вршат во согласност со соодветниот надлежен орган на управата.

### Член 5

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Јавна набавка" е купување, закупување и изнајмување на стоки, работи и услуги (во натамошниот текст: набавка);

2. "Групна набавка" е набавка која е од интерес за повеќе набавувачи;

3. "Понудувач" е домашно и странско правно и физичко лице кое учествува во постапката за набавка, со поднесување на понуда;

4. "Стоки" се предмети од сите видови, вклучувајќи ги суровините, репроматеријалите, производите, материјалите во цврста, течна и гасовита состојба, како и услугите поврзани со обезбедувањето на стоките;

5. "Услуги" се активности кои обезбедуваат услови за вршење на функцијата или производството (производни и непроизводни услуги);

6. "Опрема" се средства за обезбедување на услови за извршување на функцијата и процесот на производството;

7. "Работи" се сите активности поврзани за изградба согласно со законот за изградба и

8. "Преткvalidификација" е постапка за избирање на понудувачи согласно со нивната способност да ја испорачаат стоката, односно да ги извршат работите или услугите.

## II. ЈАВНА НАБАВКА

### 1. Планирање и утврдување на потребата од набавка

Член 6

Врз основа на утврдените извори за финансирање, набавувачот може да ги планира своите потреби за набавки и да ја определи динамиката за реализација на набавките.

Планот од ставот 1 на овој член го донесува лицето кое е овластено, односно органот кој е надлежен да одлучува за распоредувањето и користењето на средствата на набавувачот согласно со закон.

Член 7

Со одлуката за потребата од одделната набавка се утврдува видот и количината на набавката, износот изворот на средствата потребни за реализација на набавката, начинот и постапката за извршување на набавката, критериумите за избор на најповолен понудувач и органот, односно овластеното лице за спроведување на постапката.

Одлуката од ставот 1 на овој член ја донесува лицето кое е овластено, односно органот кој е надлежен да одлучува за распоредувањето и користењето на средствата на набавувачот согласно со закон.

Член 8

Групната набавка се врши координирано преку еден набавувач од име за сите набавувачи.

Член 9

Набавувачот е должен да води евиденција за извршените набавки.

Евиденцијата од ставот 1 на овој член содржи особено: предмет на набавката; видот на постапката за набавката; вкупната вредност на набавката; број на учесници во набавката; одлука за носител на набавката; носител на набавката; жалби од понудувачите; датум на извршување на набавката и број, датум и вредност на склучениот договор.

**2. Органи за спроведување на постапката за набавка**

Член 10

Постапката за набавка ја спроведува комисија за набавка (во натамошниот текст: комисија) што ја формира набавувачот.

Комиснјата од ставот 1 на овој член е составена од претседател и најмалку двајца членови и нивни заменици од редот на вработените кај набавувачот.

Во работата на комисијата од ставот 2 на овој член, кога набавувачот е корисник и единка корисник на средства од Буџетот на Република Македонија, учествува и еден овластен претставник од министерот за финансии без право на глас.

Овластениот претставник од ставот 3 на овој член е должен да ја следи постапката за набавка и за истата редовно да го информира Министерството за финансии.

Покрај постојниот состав на комисијата, во зависност од природата и специфичноста на набавката, во работата на комисијата можат да бидат вклуче-ни и други стручни лица.

Во зависност од обемот, карактерот и специфичностите на набавките, набавувачите можат да формираат повеќе комисии.

Претседател на комисијата е одговорното лице кај набавувачот (функцио-нерот, односно работоводниот орган), или лице овластено од него.

Претседателот и членовите на комисијата и нивните заменици се именуваат за време од најмалку две години, но не повеќе од два мандата.

Претседателот, членовите на комисиите и нивните заменици се одговорни доколку не ја почитуваат постапката и роковите утврдени со овој закон.

Член 11

Како понудувачи не можат да се јават членовите на комисијата за набавки и одговорните и раководните лица кај набавувачот.

Член 12

Набавувачот ќе ја поништи одлуката за набавка, доколку понудувачот даде директно или индиректно на членовите на комисијата подарок во било каква форма, или било каква услуга, која влијаела или можела да има влијание во донесувањето на одлуката за набавка.

**3. Начин на спроведување на набавката**

Член 13

Набавка може да се спроведе со:

- отворен повик;

- ограничен повик;

- прибирање на понуди и

-непосредно спогодување.

Член 14

Повикот за набавки со постапка на отворен и ограничен повик, задолжително и истовремено се објавува во "Службен весник на Република Македонија" и во други средства за јавно информирање. Во услови на неистовремено објавување на повикот важи рокот во повикот објавен во последното средство за јавно информнрање.

Кога набавката се врши со одлука за меѓународен тендер, набавувачот повикот го објавува и во средствата за јавно информирање во странство.

А. ОТВОРЕН ПОВИК

Член 15

Набавка со отворен повик е набавката кај која секој заинтересиран понудувач може да поднесе понуда.

Понудата во врска со отворениот повик може да биде доставена и од група на понудувачи.

Член 16

Набавка се врши задолжително преку отворен повик кога денарската противвредност на набавката е повисока од 100.000 германски марки, освен во случаите од членот 45 на овој закон.

Набавката може да се изврши со отворен повик и за набавка чија вредност е помала од износот утврден од став 1 на овој член ако така одлучи набавувачот.

Член 17

Огласот за отворениот повик содржи особено: назив, адреса и седиште на набавувачот; број на повикот; предмет на набавката; количина; можност да се подели набавката на делови; рок и место на извршување на предметот на набавката; рок на прием на понуди; технички карактеристики (технички спецификации) на стоките и услугите; квалитет и стандард; критериуми за избор на најповолен понудувач; валута и начин на плаќање и место, ден и час на одржувањето на јавното отворање на понудите.

Член 18

На отворениот повик крајниот рок за прием на понудата определен од страна на набавувачот не може да биде покус од 36 дена од денот на објавувањето на отворениот повик. Во случај на забрзана постапка, рокот не може да биде покус од 15 дена, од денот на објавувањето на отворениот повик.

Набавувачот може, најмалку пет дена пред истекот на крајниот рок на понудата, да го продолжи крајниот рок, доколку еден или повеќе понудувачи не се во можност да ги достават понудите до крајниот рок, што е резултат на објективни причини. Доколку набавувачот ги прифати објективните причини за продолжување на крајниот рок веднаш се известуваат сите понудувачи.

Во случај кога за набавката е потребно да се прегледа обемна техничка спецификација, посета на локација или инспекција на лице место, овие околности ќе се земат предвид при определувањето на роковите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Понудите што ќе пристигнат кај набавувачот по утврдениот краен рок за нивно пристигнување, ќе се сметаат за задоцнети и нема да се отвораат и се враќаат на понудувачот.

Доколку според видот на набавката е потребна тендерска документација, во отворениот повик од став 1 на овој член се определува местото и времето каде може да се подигне, како и

висината на износот што евентуално за неа треба да се плати и начинот на плаќањето.

Тевдерската документација за набавките од ставот 5 на овој член се изработува согласно со потребите на набавувачите усогласени со пропишаните стандарди и правила за соодветните видови на набавки.

Член 19

Карактеристиките за техничките спецификации што понудувачот ги нуди во понудата за набавката, треба да се во согласност со стандардите на Република Македонија и со меѓународните стандарди кои се прифатени во Република Македонија.

Член 20

За набавки на опрема и за изградба, пред одржувањето на јавното отворање, набавувачот ја утврдува максималната цена на предметот на набавката, над која не може да биде прифатена понудата.

Максималната цена од ставот 1 на овој член, во запечатен коверт, се чува во строга тајност се до моментот на нејзиното соопштување согласно со членот 31 на овој закон.

Член 21

Изборот на најповолен понудувач се врши откако набавувачот ќе ја провери економската и финансиската состојба, како и техничката способност на понудувачот за извршување на предлогот на понудата.

Член 22

За својата финансиска и економска способност понудувачот обезбедува и доставува со понудата соодветен документ за бонитетот од носителот на платниот промет.

Содржината на документот за бонитет за домашниот понудувач, ја пропишува министерот за финансии со правилник.

Странското правно или физичко лице, кое се јавува како понудувач го доставува сертификатот за бонитет издаден од професионално репрезентативно тело на индустријата, трговијата, занаетчиството, земјоделството или на професионално здружение на земјата во која се наоѓа неговото седиште односно ревизорски извештај од странска ревизорска институција.

Член 23

Доказ за техничката способност на понудувачот може да се обезбеди преку:

- список на главни испораки на стоки или извршени услуги во последните три години со износите, датумите и примачите;

- опис на техничките постројки на понудувачот, мерките што ги презел за обезбедување на квалитетот и истражувачки погони;

- посочување на вклучени технички лица, особено на оние задолжени за контрола на квалитетот;

- мостри, опис или фотографии на производот што треба да се набави, чија автентичност треба да се потврди, доколку тоа ќе го побара набавувачот и

- сертификат од надлежна институција за контрола на квалитетот на производот, со кој се потврдува сообразноста со дадените спецификации или стандарди за набавките.

Набавувачот во отворениот повик ќе специфицира кои докази за техничката способност сака да ги добие.

Член 24

Од учество во отворениот повик може да биде исклучен понудувачот кој:

а) е во стечај или е во процес на ликвидација, доколку неговото работење е под стечајна постапка, и доколку му се суспендирани деловните активности во согласност со закон и

б) со правосилна пресуда му е изречена мерка на безбедност-забрана за вршење на дејност.

Набавувачот е должен од понудувачот да бара кон понудата да достави доказ дека на него не се однесуваат ниту еден од случаите наведени во ставот 1 на овој член и тоа извод од судската евиденција или друг соодветен документ од надлежен орган.

Член 25

Критериуми за избор на најповолен понудувач во зависност од видот на набавката можат да бидат:

- или само најниската цена и

- или кога понудата се дава на економски најсилниот тендер во поглед на цената, рокот на испорака, начинот на плаќање, оперативни трошоци, ефикасност, квалитет, естетски и функционални карактеристики, технички квалитети, постпродажни сервиси и пружање на техничка помош.

Цените од две понуди се сметаат како да се еквивалентни кога разликата меѓу нив не е поголема од 3%.

Кога се определува за критериумите од ставот 1 алинеја 2 на овој член, набавувачот во отворениот повик ќе ги рангира (квантифицира) сите критериуми што ќе ги применува при изборот на најповолен понудувач.

Член 26

Доколку одделна понуда содржи невообичаена ниска цсна која значително отстапува од цените на другите понудувачи, комисијата може да побара од понудувачот писмено известување во кое ќе ги објасни причините за таквата цена од својата понуда.

Ако понудувачот писмено не ја објасни причината за понудената цена од ставот 1 на овој член во рок од седум дена од денот на известувањето или ако комисијата не ги прифати неговите причини, тој ќе биде исклучен од постапката за избор на најповолен понудувач.

Комисијата писмено ќе го извести понудувачот дека е исклучен од постапката со давање на образложение за причините на својата одлука и тоа известување ќе биде дел од документацијата на отворениот повик.

Член 27

Се забрануваат било какви преговори мегу набавувачот и понудувачот, како и откривање пред трети лица на технички спецификации, информации во врска со цената и други пазарни информации.

Член 28

Во понудата по отворениот повик, набавувачот може да побара од понудувачот да се прошири евентуалниот дел од понудата што би се доверил со поддоговор со трето лице.

Член 29

На јавното отворање на понудите присуствуваат: членовите на комисијата на набавувачот во полн состав и претставниците на понудувачите.

Претставниците на понудувачите треба на комисијата да ѝ предадат писмено овластување од понудувачот за нивно учество на јавното отворање.

Член 30

Јавното отворање на понудите започнува на место и во време определено со отворениот повик.

Член 31

На јавното отворање на понудите, комисијата води записник.

Претседателот на комисијата најнапред го констатира бројот на пристигнатите понуди во утврдениот рок и присутните претставници на понудувачите.

Претседателот на комисијата проверува дали ковертите што ги содржат понудите не се евентуално оштетени или отворени.

Претседателот или член на комисијата јавно ги отвора понудите.

Претседателот на комисијата констатира дали со понудата се доставени сите придружни документи пропишани со овој закон и други документи што се бараат за отворен повик.

Документите во понудата се обележуваат со архивскиот број на понудата и реден број на документот.

На јавното отворање на понудите, претседателот на комисијата ги соопштува деловните имиња и седиштата на понудувачите, формалната комплетност на понудите и ги чита понудените цени и битните елементи од отво-рениот повик.

По завршување на читањето на податоците од ставот 7 на овој член, претседателот на комисијата го соопштува максималниот износ на цената утврдена за набавката.

Набавувачот може да смета дека понудата е полноважна, доколку истата содржи недостатоци од технички карактер, кои не ги менуваат елементите на по-викот.

На јавното отворање комисијата ги исклучува: понудите што не се комплетни, понудите за кои не се прифатени недостатоците од ставот 9 на овој член, како и за случаите од членот 12 на овој закон и тоа се забележува во записникот, при што се наведува причината за исклучувањето и веднаш за тоа се информира овластениот претставник на понудувачот. Покрај овие податоци, комисијата во записникот ги внесува и евентуалните мислења и забелешки на присутните претставници од понудувачите, доколку се однесуваат на постапката на јавното отворање на понудите.

Ако некој од членовите на комисијата или од овластените претставници на понудувачите не се согласува со содржината на записникот, ќе ја наведе причината за тоа, што ќе се констатира во записникот.

Член 32

При оценувањето на понудите, комисијата е самостојна и постапува според условите објавени во отворениот повик и според критериумите утврдени со овој закон.

Комисијата прво ги отвора ковертите со техничка документација, а потоа ковертите со финансиска документација на набавувачите со најдобра техничка документација.

Комисијата ги оценува само оние понуди кои целосно ги исполнуваат условите од отворениот повик и го утврдува рангирањето на понудите.

Во случај ако не е исполнет минимумот од две понуди што ги исполнуваат условите од отворениот повик, комисијата му предлага на наредбодавецот да не врши избор на најповолен понудувач, а отворениот повик може да се повтори.

Извештајот со рангираните понуди го потпишуваат сите членови на комисијата и тој со сите податоци, од понудите се доставува до наредбодавецот.

Извештајот особено содржи: име и адреса на набавувачот, предмет и вредност на набавката, имињата на понудувачите што влегле во изборот и причините за нивниот избор, имињата на одбиените понудувачи и причините за нивното одбивање и името на најповолниот понудувач и причините за изборот, а доколку се знае и името на подизведувачите.

Извештајот, заедно со понудите или нивните делови, претставуваат деловна тајна до изборот на најповолниот понудувач.

Б. ОГРАНИЧЕН ПОВИК

Член 33

Набавка преку ограничен повик се спроведува со претходно прибирање на документација (предквалификација) од ограничен број на набавувачи, кога:

- висината на набавката изнесува повеќе од 500.000 германски марки во денарска противвредност;

- природата на предметот на набавка е сложена или е од посебна природа (од економски и безбедносни причини);

- се постигнува поголема ефикасност и

- времето за прегледување и оценување на големиот број понуди би било непропорционално со вредноста на набавките.

Член 34

Набавувачот спроведува ограничен повик врз основа на претходно спроведен отворен повик со прибирање на документација од определен број на понудувачи.

Рокот за прием на документацијата за учество на понудувачите на ограничениот повик не може да биде покус од 21 ден од денот на објавувањето на повикот. Во случај на забрзана постапка рокот неможе да биде покус од десет дена од денот на објавувањето на ограничениот повик.

Член 35

Заради учество во постапката на ограничениот повик, набавувачот врши предквалификација на понудувачите.

Предквалификација на понудувачите од став 1 на овој член се врши врз основа на оценка дали:

- имаат потребен техничко-технолошки бонитет;

- има економско-финансиски бонитет;

- има расположлива опрема и други физички капацитети потребни за реализирање на набавката;

- има менаџерска способност;

- има искуство и стручен кадар за извршување на набавката;

- нема правосилна пресуда со која е изречена мерка за безбедност-забрана на вршење на дејност и

- имаат документ за регистрација за вршењето на нивната дејност.

Исполнувањето на условите од ставот 2 на овој член се докажува со документи и податоци кои се приложуваат кон пријавата за понуда.

Набавувачот ќе го исклучи понудувачот за кој ќе оцени дека доставените документи во врска со предквалификациите се лажни и неточни или неком-плетни.

Член 36

Документацијата за ограничениот повик се доставува во затворен коверт.

Член 37

Набавувачот е должен да го утврди начинот, местото и рокот за доставу-вање на пријавата за предквалификации. Набавувачот е должен, на барање на понудувачот да даде појаснување за елементите од пријавата за предквалифи-кации.

Член 38

Набавувачот одлучува за квалификацијата на понудувачот.

При донесувањето на одлуката од ставот 1 на овој член, набавувачот ги оценува условите од членот 35 став 2 на овој закон.

Комисијата на набавувачот во рок од осум дена од денот на завршувањето на рокот за доставување на документацијата ги известува сите понудувачи што доставиле пријава за предквалификација, за понудувачите што се квалификувале и утврдува листа на понудувачи, до кои ќе се достави писмено барање за поднесување на понуда.

Член 39

Писменото барање за поднесување на понуда содржи:

- адреса на набавувачот од кој можат да се бараат документите на повикот; крајниот рок за поднесување на пријавата и износот и условите за плаќање на тендерската документација; повикување на објавениот повик и критериумите за повикот, доколку се наведени во повикот.

Тендерската документација се подига од овластеното лице на набавувачот.

Член 40

Рокот за примање на понудите определен од набавувачот не може да биде покус од 21 ден од денот на испраќањето на писменото барање. Во случај на итност рокот за прием на пријавата за учество не може да биде покус од десет дена од денот на испраќањето на писменото барање.

Пријавата за учество во ограничениот повик може да се достави и преку: телеграма, телекс, телефакс или телефон и нивниот прием мора да биде потврден во писмена форма пред истекот на рокот утврден во ставот 1 на овој член.

Доколку пријавата е доставена навреме, дополнителни информации за тендерската документација мора да бидат доставени од страна на понудувачот не подоцна од шест дена пред истекот на крајниот рок определен за доставување на пријавата.

Член 41

Одредбите од членот 31 на овој закон, соодветно се применуваат и на начинот на работата на комисијата во случај на набавка со ограничен повик.

## В. НАБАВКА СО ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

Член 42

Набавка со прибирање на понуди се врши кога набавувачот одбира носител на набавка врз основа на барање за прибирање на понуди доставено до поголем број на понудувачи, но најмалку од тројца понудувачи, чија вредност на набавката е над 5.000 до 100.000 германски марки во денарска противвредност.

Барањето за набавка со прибирање на понуди, набавувачот го објавува во средствата за јавно информирање, трговски публикации, списанија и весници.

Барањето за прибирање на понуди ги содржи податоците од членот 17 на овој закон.

Член 43

Како придружна докумрнтациЈа кон понудата од членот 42 став 3 на овој закон, понудувачот задолжително приложува:

- взвод од регистрација на дејноста;

- документ за бонитет од носителот на платниот промет и

- изјава дека понудувачот не е под стечај, потпишана од одговорното лице на понудувачот.

Член 44

Врз основа на одлуката од членот 7 на овој закон со која е утврдена постапката за набавка, комисијата може да достави барање за прибирање на понуди и од определен број на понудувачи што самата ќе ги определи.

Понудувачите се должни своите понуди да ги достават до комисијата во рокот определен во барањето.

Комисијата е должна во рок од 30 дена по пристигнувањето на понудите да ги разгледа и да изготви извештај со предлог за избор на најповолен понудувач.

Одредбите од членот 31 на овој закон, соодветно се применуваат и на начинот на работата на комисијата во случај на набавка со прибирање на понуди.

## Г. НАБАВКА СО НЕПОСРЕДНО СПОГОДУВАЊЕ

### Член 45

Набавувачот може да врши набавки по пат на непосредно спогодување во следниве случаи:

- доколку предметот на набавката е достапен само од еден извор или понудувачот има авторско право, патент, лиценца и други права од индустриска сопственост или има ексклузивно право на застапување на стоките, опремата, градежните работи или услугите, а не постои соодветна алтернатива или замена;

- кога се потребни дополнителни работи за веќе договорена набавка, чија вредност на работата не е повисока од 20% од договорената набавка и каде што неопходноста од неа се јавува пред завршувањето на изведбата од првобитниот договор;

- се работи за набавка на материјални средства, опрема и вршење на услуги кои имаат крајна итност предизвикана од настани што не можеле да бидат пред-видени;

- се работи за набавка од носител кој ги затвора деловните активности и

- набавка во вредност до 5.000 германски марки во денарска противвред-ност.

### Член 46

Во постапката со непосредно спогодување се забранува набавката за иста потреба да се реализира кај еден ист понудувач.

## III. НАБАВКИ КАЈ ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И КАЈ ДРУШТВАТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА

### Член 47

При вршењето на набавките кај јавните претпријатија и кај друштвата во сопственост на државата, соодветно се применуваат одредбите од овој закон, доколку со овој дел од законот поинаку не е уредено.

Член 48

По исклучок од членот 47 на овој закон, набавувачите по пат на отворен и ограничен повик ќе вршат набавка чија проценета вредност не е помала од:

а) 400.000 германски марки во денарска противвредност - за набавки од понудувачи кои вршат дејност во врска со:

- производството и транспортот на: електрична енергија, гас или топлинска енергија и вода за пиење;

- снабдување со вода за пиење, електрична струја, гас или топлинска енергија до соодветните мрежи;

- отстранување на отпадните води;

- наводнување и одводнување;

- истражување или вадење на нафта, гас, јаглен или други цврсти горива;

- изградба на воздушни терминали, пристаништа (езерски или речни) или други транспортни терминали;

- користење на мрежите наменети да дадат услуги во областа на: желез-ничкиот транспорт, автоматските системи, трамваите, тролејбусите, автобусите и жичарите;

б) 600.000 германски марки во денарска противвредност - за набавки од понудувачи кои вршат дејност во врска со обезбедување на телекомуникациски услуги и

в) 5.000.000 германски марки во денарска противвредност - за набавки од понудувачи кои извршуваат јавни работи (изградба на патишта, пруги, електрич-ни, односно термоцентрали и слично).

Член 49

Кога набавките од членот 48 се вршат со ограничен повик може да се применуваат следниве правила:

- рокот за прием на барањето за учество во повикот не може да биде покус од 36 дена од датумот на испраќањето на повикот;

- рокот за прием на пријавите може да се утврди и со заемен договор меѓу набавувачот и избраните кандидати, под услов на сите понудувачи да им е дадено исто време да ги подготват понудите и истите да ги поднесат и

- кога не е можно да се постигне договор за рокот на прием на пријавата, набавувачот ќе го определи рокот кој ќе изнесува најмалку 21 ден од денот на писменото барање за поднесување на понудата.

Член 50

Системот на квалификација во ограничениот повик се заснова на условите утврдени во членот 33 од овој закон, со исклучок на условот во поглед на висината на набавката.

Условите можат да се засноваат врз објективната потреба на набавувачите за намалување на бројот на пријавените понудувачи на ниво кое е оправдано со потребата и да се постигне рамнотежа меѓу одделни карактеристики на постапката за доделување на набавката и средствата. Бројот на избраните кандидати мора да се земе предвид, заради потребата од обезбедување на соодветна конкуренција.

Набавувачот ги извсстува пријавените понудувачи за својата одлука во однос на квалификациите во разумен рок. Ако за донесување на одлуката за квалификација е потребно време подолго од шест месеци од презентирањето на документацијата, набавувачот ќе го извести пријавениот понудувач, во рок од два месеци по пријавувањето за причините со кои се оправдува подолгиот период и за датумот до кој неговата понуда ќе биде прифатена или одбиена.

При донесувањето на одлуката за квалификацијата набавувачите не можат:

- да им наметнуваат на некои понудувачи услови од административно-техничка или финансиска природа кои не им ги наметнуваат на другите понудувачи и

- да бараат докази кои ги дуплираат објективно доказните материјали кои веќе ги имаат на располагање.

Кандидатите чија квалификација е одбиена, се известуваат за причината за одбивањето. Причините мораат да се засноваат врз условите за квалификација од ставот 1 на овој член.

Член 51

Набавувачите можат да користат постапка со непосредна спогодба во следниве случаи:

а) кога не се доставени пријави за набавки во постапки утврдени со овој закон;

б) кога набавката е стриктно наменета за целите на истражување, проучување или развој, а не за обезбедување на профит односно вишок на средства од работењето;

в) кога од технички или изведбени причини, или од причини во врска со заштитата на ексклузивното право, за застапување во Република Македонија, набавката може да ја изврши само определен носител на набавка;

г) од причини на крајна итност предизвикани од настани што не можеле да бидат предвидени од набавувачите за роковите за отворена и ограничена постапка и истите не можеле да се испочитуваат;

д) во случај на набавка за дополнителни испораки од првиот носител на набавката кои се наменети било како делумна замена или како проширување на постојните набавки, кога промената на понудувачот би го обврзала набавувачот да земе материјал кој има поинакви технички карактеристики што би резул-тирало со неспојливост или несразмерни технички промени во работењето и одржувањето;

ѓ) за дополнителни работи или услуги што не биле вклучени во проектот кој првобитно бил доделен или во договорот првобитно склучен, но кој, поради непредвидени околности станале неопходни за извршување на набавката, под услов:

- таквите дополнителни работи или услуги да не можат технички или временски да се одвојат од главните набавки без поголеми непогодности за набавувачот и понудувачот, или

- таквите дополнителни работи или услуги, иако можат да се одвојат од набавката, апсолутно да се неопходни за неговите основни фази на работење;

е) во случај на набавка на нови работи кои се содржат од повторување на слични работи доверени на понудувачот на кој набавувачот порано му ја доделил набавката, под услов таквите работи да се во сообразност со основниот проект за кој дадената набавка била утврдена на отворен повик;

ж) за набавки кои треба да се доделат врз основа на рамковни договори;

з) за поволни набавки кога постои можност да се обезбедат набавките со искористување на некоја посебна поволна можност што е достапна само за многу кратко време по цена значително пониска од вообичаените пазарни цени и

ѕ) за купување на стоки по особено поволни услови или од носител на набавка кој ги затвора деловните активности или од доверители на стечајна маса.

## IV. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ ПРИ НАБАВКА

### Член 52

Доставување на понудите при набавка се врши до набавувачот преку пошта со предавање во архивата на набавувачот или со предавање на комисијата на лице место, но најдоцна до денот и часот на јавното отворање на понудите.

### Член 53

Понудата и другата документација се доставуваат во затворен коверт, на кој во горниот лев агол треба да стои ознаката "не отворај" и бројот на повикот.

Во средината на ковертот треба да биде назначена точната адреса на набавувачот.

Ковертот не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се иденти-фикува испраќачот-понудувачот.

Во затворениот коверт треба да има уште два затворени и запечатени коверти.

Едниот внатрешен коверт ја содржи понудата со финансиска документација и носи ознака "понуда", а другиот внатрешен коверт ја содржи техничката документација и носи ознака "документација" и точната адреса на испраќачот - понудувачот.

### Член 54

Понудата се доставува во еден оригинален примерок кој треба да биде заверен и потпишан од страна на одговорното лице на понудувачот.

Понудата треба да ги содржи сите податоци назначени во повикот.

Во цената на понудените стоки и услуги со странско потекло, задолжително се внесува и износот на царинските и други давачки.

## V. ГАРАНЦИЈА ЗА УЧЕСтВО ВО НАБАВКА

### Член 55

За набавка со отворен и ограничен повик чија вредност изнесува над 500.000 германски марки во денарска противвредност, набавувачот задолжително треба да побара понудувачите да дадат гаранција во вид на депонирани средства или банкарска гаранција.

Набавувачот го утврдува износот на гаранцијата, кој не смее да биде помал од 5% од вкупната вредност на набавката.

Документот со кој се докажува гаранцијата е дел од понудата.

Член 56

Гаранцијата од членот 55 на овој закон се наплатува во корист на набавувачот ако понудувачот е повикан да склучи договор по извршен избор на најповолен понудувач, а тој одбие да го стори тоа.

Член 57

Набавувачот е должен по завршувањето на постапката за набавка, на понудувачите кои учествувале во изборот на најповолен понудувач во рок од седум дена да им го врати депонираниот износ од гаранцијата, а на избраниот понудувач по склучувањето на договорот.

## VI. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ

Член 58

Најдоцна во рок од седум дена по завршувањето на постапката за набавки, набавувачот е должен по писмен пат да го извести понудувачот дека е избран за најповолен понудувач.

Известувањето од ставот 1 на овој член претставува потврда за понудува-чот дека е дефинитивно утврден за носител на договорот.

За изборот на најповолен понудувач, се известуваат и сите други понудува-чи учесници во постапката во рокот од ставот 1 на овој член.

Договор се потпишува во рок од седум дена по истекот на рокот за поднесување на жалба односно по конечноста на одлуката по жалбата.

Од страна на набавувачот, договорот го потпишува одговорното лице (функционерот, односно работоводниот орган) или лице овластено од него, а од страна на носителот на набавката-овластен потписник. Договорот за набавувачот - корисник на средства од Буџетот на Република Македонија го потпишува и овластено лице од министерот за финансии, а за единките - корисници и од соодветниот надлежен орган на управата. Договорот кој не е потпишан од сите наведени лица не предизвикува правно дејство.

Член 59

Во договорот се предвидува полагање на кауции, гаранции и аванси, како средства за обезбедување на плаќањето.

Авансно плаќање се врши во услови кога на пазарот не може да се набават производи и услуги и кога со тоа се постигнува пониска продажна цена.

За корисниците и единките корисници на средства од буџетот, авансот не може да биде поголем од 30% од вредноста на договорот.

## VII. ИЗЈАВУВАЊЕ НА ЖАЛБА

### Член 60

Незадоволниот учесник за изборот на најповолен понудувач, може да изјави жалба до комисијата за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на донесувањето на известувањето за најповолен понудувач.

Жалбата од ставот 1 на овој член се доставува преку комисијата што ја водела првостепената постапка.

Поднесувањето на жалба го задржува извршувањето на одлуката за избор најповолен понудувач до правосилноста на одлуката по жалбата.

Комисијата од ставот 1 на овој член е должна во рок од 15 дена од приемот на жалбата да се произнесе по неа и за својата одлука да ги извести подносителот на жалбата и комисијата што ја водела првостспената постапка.

Одлуката на комисијата за жалби по јавни набавки е конечна.

### Член 61

Комисијата за жалба по јавни набавки е составена од претседател и четворица членови и нивни заменици од редот на афирмирани и познати стручњаци (адвокати, нотари, комерцијални ревизори, инженери и слично), кои ги именува и разрешува Владата на Република Македонија за период од две години, со право на повторен избор, за уште две години.

Членот на комисијата од ставот 1 на овој член не може да биде лице именовано од Собранието на Република Македонија и од Владата на Република Македонија.

Членот на комисијата од ставот 1 на овој член може да биде разрешен пред истекот на мандатот за кој е избран во случај на осуденост за кривично дело против имотот, во иста постапка како и за неговиот избор.

### Член 62

Комисијата за жалби по јавни набавки донесува деловник за својата работа, на кој согласност дава Владата на Република Македонија.

Член 63

Комисијата за жалби по јавни набавки е самостојна во својата работа и најмалку два пати во текот на годината ја информира Владата на Република Македонија за својата работа.

VIII. НАДЗОР И КОНТРОЛА

Член 64

Надзор на спроведување на одредбите на овој закон врши Министерството за финансии.

Работите на инспекцискиот надзор го вршат инспектори за контрола на буџетот и за јавните набавки во Министерството за финансии.

Инспекторите од ставот 2 на овој член вршат надзор во поглед на:

- обезбедувањето на средства за набавка;

- спроведувањето на постапките на набавките;

- организирањето на органите за спроведување на набавките;

- евиденцијата на набавките;

- оформување на документација за набавките и

- реализација на договорите.

Член 65

Инспекторот од членот 64 став 2 на овој закон има службена легитимација чија форма и содржина и начинот на нејзиното издавање ја пропишува министерот за финансии.

Член 66

Доколку во вршењето на надзорот инспекторот утврди неправилности и недостатоци во спроведувањето на постапката за набавки која е во тек, истите ќе ги констатира и со решение ќе ги одреди мерките и рокот за нивно отстранување.

Доколку во определениот рок не се отстранат неправилностите и недоста-тоците, инспекторот наредува запирање на отпочнатата постапка за набавка.

Против решението од ставот 1 на овој член, може да се изјави жалба до Комисијата за жалби по јавни набавки.

Член 67

Ако во вршењето на надзорот инспекторот утврди дека со повредата на постапката за набавки е сторен прекршок или кривично дело должен е без оддагање да поднесе барање, односно пријава за поведување на прекршочна односно кривична постапка.

Член 68

Контрола над користењето на средствата за набавки на набавувачите од членот 1 на овој закон се врши согласно со Законот за државната ревизија.

IX. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 69

Со парична казна од 150.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок правното лице-набавувач, освен државните органи и органите на единиците на локалната самоуправа, ако:

- не формира орган за спроведување на постапка за набавка во смисла на членот 10 став 1 на овој закон;

- не го објави повикот за набавка во смисла на членот 14 на овој закон и

- не ја утврди максималната цена и не ја зачува во тајност во смисла на членот 20 на овој закон.

Член 70

Со парична казна од 15.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок одговороното лице во правното лице, ако:

- донесе одлука за јавна набавка без да има претходно обезбедено средства за набавката (член 4);

- не води евиденција за извршените набавки (член 9 став 1);

- не ги почитува постапките и роковите утврдени со овој закон во смисла на членот 10 на овој закон;

- не ја поништи одлуката за набавка, доколку понудувачот даде директно или индиректно на членовите на комисијата подарок во било каква форма, или било каква услуга во смисла на членот 12 на овој закон;

- не ја запазува висината на вредноста на набавката за соодветниот вид на постапка за набавка (член 16, член 33 став 1 алинеја 1, член 42 став 1, член 45 став 1 алинеја 5 и член 48);

- изборот на најповолен понудувач го изврши без да ја провери економ-ската и финансиската состојба, како и техничката способност на понудувачот за извршување на предлогот на понудата (членови 21, 22 и 23);

- ако од постапката за набавка не го исклучи понудувачот (член 24 и член 35 став 4);

- не постапува според условите објавени во отворениот повик и не ги запа-зува критериумите за избор на најповолен понудувач (член 25 и член 32 став 1);

- не го извести понудувачот дека е исклучен од постапката за набавка (член 26 став 3);

- врши преговори со понудувачот, открива пред трети лица технички спецификации, информации во врска со цената и други пазарни информации (член 27);

- изврши набавка преку ограничен повик без да спроведе прибирање на документација (предквалификација) од ограничен број на набавувачи во смисла на член 33 од овој закон;

- не го утврди начинот, местото и рокот за доставување на пријави за предквалификации и не даде објаснување за елементите од пријавата за предквалификации (член 37);

- донесе одлука без да врши оцена на условите од членот 35 став 2 на овој закон (член 38 став 2);

- не ги извести сите понудувачи што доставиле пријава за предквалифи-кација, за понудувачите што се квалификувале (член 38 став 3) и

- во постапката со непосредно спогодување, набавката за истата потреба се реализира кај еден ист понудувач (член 46).

Член 71

Со парична казна од 15.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршоците од членот 70 на овој закон и службеното лице.

## X. преодни и заврШни одредби

Член 72

Постапките за набавките отпочнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе бидат завршени во согласност со прописите што важеле пред влегувањето во сила на овој закон.

Член 73

Подзаконските прописи утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Комисијата за жалби по јавни набавки, ќе се формира во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 74

За спроведување на овој закон Владата може да донесе подзаконски прописи.

Член 75

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат членовите: 8, 9, 10, 11, 51, 52, 53, 56, 57 и 58 од Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат ("Службен весник на СРМ" број 41/85 и 51/88).

Член 76

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".